И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

ЗА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛНО КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ИНКЛУЗИЈА НА РОМИТЕ 2022-2030

(за период јануари – декември 2024)

Вовед

Националното координативно тело (НКТ) е работна група за планирање, координација и следење на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со членови од надлежните институции и организациите на граѓанскиот сектор кои ги претставуваат интересите на ромската заедница.

Важноста за подобрување на работата и функционирањето на НКТ е посочувана и во извештаите на Европската Унија.

Во текот на периодот на информирање јануари – декември 2024 година, на квартално ниво одржани се сите редовни координативни состаноци со членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2023.

На состаноците се дискутираше за координацијата помеѓу ресорните министерства, меѓународните и невладините организации, реализираните активности во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за Инклузија на Ромите 2022-2030, како и планираните буџети за 2025 година за имплементација на НАП, во ресорните министерства.

На состаноците покрај претставниците на НКТ присуствуваа и меѓународни и невладини организации на кои се дискутираше за оценување на имплементацијата на заложбите од Познан декларацијата.

Претставниците од ресорните министерства на секој од состаноците информираа периодично за имплементација на активностите во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2023, за 2024 година.

Се потенцира Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 поставена високо како на агендата на Европската Унија како и на ниво на Влада на Република Северна Македонија.

Исто така даден е осврт на фокусот, работата и улогата на НКТ во координацијата на ресорните министерства за имплементација на поставените активности согласно обезбедените финансиски средства од буџетот на Република Северна Македонија,


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

како структура за следење на политиките, евалуација и поставување база на податоци во насока на унапредување на состојбата на Ромите.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ),** информира за тековните активности, реализација на проектот Инклузија на деца Роми во ЈОУДГ, работата на Ромските Информативни центри, поддршката за лицата сместени во Визбегово и решавање на проблемот со лицата без документи.

Во учебната 2024/2025 година бројот на запишани деца Роми во јавните детски установи на национално ниво изнесува 472 деца. 1.30 % од вкупниот број од 36.472 деца вклучени во детските градинки се Роми.

Заклучно со декември 2024 година, функционираат четири ромски информативни центри во Гостивар, Неготино, Битола и Шуто Оризари. Во текот на 2024 година, од страна на ромските информативни центри дадени се вкупно 2869 услуги, 99% во доменот на социјалните услуги од областа на социјална заштита, додека останатите во доменот на здравствената заштита, домувањето, образованието, вработувањето и за лична документација.

Во привремените живеалишта во Визбегово, заклучно со декември 2024 година и понатаму остануваат дислоцирани 15 семејства со 25 возрасни членови и 55 деца. Во процесот на интеграција и ресоцијализација со овие лица, вклучени се стручни лица од ЦСР, МТСП и 2 Ромски НВОи.

Во ноември 2024 година, направено е мапирање и анализа за нивно вклучување на пазарот на трудот, која укажува на потребата за финансиската одржливост на семејствата и потреба од следење низ процесот на интеграција на овие лица.

Во ноември 2024, Министерството за социјална политика, демографија и млади во соработка со Мисијата на ОБСЕ го презентираа извештајот „Напредување на вклученоста на Ромите во Северна Македонија".

Еден од главните заклучоци во извештајот е да се обезбеди ефективно спроведување на законите за граѓанска регистрација и државјанство за да се спречи без државјанството кај ромската заедница.

**Делегација ЕУ** - со поддршка на ИПА 2024 се предвидени 2,5 милиони евра, за делот на домувањето, во чии рамки ќе се подготви Visibility Study, во 6 општини каде што ќе се испитаат состојбите и условите за долгорочни решенија за проблемот со домување во ромските заедници.

За периодот 2025-2026 предвидени се исто така 2,5 милиони евра наменети за инвестиции и градежни работи согласно наодите од истражувањето.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Во **Министерството за образование и наука (МОН)**, тековно се реализираат планираните проекти во делот за подобрување на образованието кај децата Роми.

Министерството за образование и наука (МОН) го зголеми бројот на ангажирани ромски образовни медијатори во РСМ.

Во средното образование, јавните и приватните високообразовни установи и универзитети, продолжува реализацијата на јавната политика на Роми преку доделување на стипендии.

Во рамки на поддршката на образованието на Роми, за учебната 2024/2025 година се планирани за доделување на 1200 стипендии за средношколци Роми, и 150 стипендии за студенти Роми.

**Министерсвото за транспорт (МТ)**, продолжува со реализација на Проектот за изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи и проекти од доменот на комуналната инфраструктура во 2024 година.

Објавени се два јавни огласи за распределба на 64 социјални станови во Велес и Кочани.

Во доменот на комуналната инфраструктура во 2024 година, Министерството за транспорт и врски додели 20 милиони денари за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со ромско население во 16 општини.

**Министерството за здравство (МЗ)**, по однос на подобрување на пристап до здравствена заштита и услуги, со фокус на унапредување на женското здравје. Информирано е дека и покрај системското решение и ангажман на гинеколог во општината Шуто Оризари, многу е мал бројот на жени Ромки кои извршиле прегледи што претставува проблем за продолжување на работа на ординацијата.

**Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ)**, спроведува годишни Оперативни планови за активни програми и мерки за вработување со посебен фокус на најранливите категории на невработени лица. Во насока на зголемување на учеството на Роми во активните програми и мерки за вработување и услуги од Оперативниот план е предвидено зголемување на опфатот на Роми во активните програми и мерки која е 5%, каде особено се даваат олеснителни околности за невработени жени Ромки кои се исто така опфатени во Оперативниот план.

Во активните програми и услуги на Оперативниот план за 2024 година беа вклучени 1454 невработени лица Роми.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Препораки од работата на НКТ за 2024 година;

- УВМКР во соработка со МВР да ја информира Владата за процесот на внесување на лицата во посебната книга на родени.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk